Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Венхар Џемаили од Боговиње УП2 09-295/24 од 14 јуни 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-445 од 15 мај 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-445 од 15 мај 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Венхар Џемаили од Боговиње до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-295/24 од 14 јуни 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-445 од 15 мај 2024 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјоделско земјиште.

Според Електродистрибуција – барателот нема доставено имотен лист за парцелата каде е поставена пумпата за вода. Дополнително, пумпата за вода е поставена на оддалеченост од 600 метри од последната напојна точка на електродистрибутивната мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 август 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-295/24 од 14 јуни 2024 година

-Слики од нисконапонската мрежа во близина
-GIS скица
-Барање за согласност за приклучок
-Имотен лист
-Приговараното Решение

-Потврда за потреба од приклучок за пумпа за наводнување
-Приговор
2. Дополнителни докази од ЕВН од 9 јули 2024 со прилог:
-Извештај за оптоварување на трафостаница
-Информација за потенцијални баратели на приклучок во околината
-Извештај за пад на напон во мрежата

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не постојат технички услови за приклучок на објектот.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–295/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**